РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 09 - 69/1

05 -01- 2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и согласно член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава со наводи за постоење на судир на интереси од непознат подносител, на четириесет и петтата седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

## Одлука

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси помеѓу ВД директорот на ЈУ ------ ------- ------- Скопје ----- ------ и неговата сопруга ----- ------ со бр. 09-4085/1 од 30.08.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, наводите во пријавата не се потврдуваат, поради што Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-4085/1 од 30.08.2019 година.

Предметот со број 09-4085/1 од 30.08.2020 година да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-4085/1 од 30.08.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат пријавител, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, против ----- ------- ВД директор на ЈУ ----- ------- ------ Скопје, со наводи дека постои состојба на судир на интереси помеѓу ВД директорот ---- ----- и неговата сопруга ----- ------ која како што е наведено во пријавата ја извршувала функцијата претседател на синдикална организација при ЈУ ------ ------- ------ Скопје.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, Државната комисија се обрати до ЈУ ----- ------ ------ Скопје и достави барање за доставување на податоци и информации за тоа дали лицето ------ ------ е претседател на синдикална органзација при ЈУ ----- ------ ------ Скопје којшто ги застапува правата на вработените.

Во законски утврдениот рок, ЈУ ----- ------ ----- Скопје достави Одговор на барањето од страна на Државната комисија, во кој се вели дека синдикалното организирање на работниците е независно, слободно и доброволно организирање на работниците и истото е организирано и уредувано како независен правен субјект, надвор од управувањата и надлежностите уредени преку органите на нашата Јавна установа. Исто така, се вели дека ----- ----- не е претседател на СКРМ на ----, односно дека според Централен регистар на РСМ, СКРМ на МКЦ е претставувано од претседател ----- ------.

Покрај тоа, синдикатот е самостојна, демократска и независна организација на работниците во која доброволно се здружуваат заради застапување, претставување, унапредување и заштита на своите економски, социјални и други поединечни и колективни интереси, па според тоа не се третира како тело за кое Државната комисија е надлежна да постапува.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По повторно разгледување на наводите во пријавата, како и доставениот одговор на барањето доставено од страна на Државната комисија, а во врска со тоа дали сопругата на ВД директорот била претседател на синдикалната организација при ЈУ ----- ----- ------- Скопје и од вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија констатира дека во конкретниот случај нема елементи за свое натамошно надлежно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Софка Пејовска Дојчиновска

Изработил: Е.Н., соработник
Одобрил: Г.Т. , член на ДКСК